| 426 | Други тековни расходи | | 236.800 | 0 | 220.000 | 0 | 0 | 0 | 220.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | | **40.500** | **0** | **50.000** | **0** | **0** | **0** | **50.000** |
| 464 | Разни трансфери | | 40.500 | 0 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **430.000** | **0** | **500.000** | **0** | **0** | **0** | **500.000** |
| 481 | Градежни објекти | | 70.000 | 0 | 180.000 | 0 | 0 | 0 | 180.000 |
| 483 | Купување на мебел, опрема, возила и машини | | 360.000 | 0 | 320.000 | 0 | 0 | 0 | 320.000 |
| **М1** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | **20.586.558** | **0** | **12.173.000** | **0** | **6.643.128** | **0** | **18.816.128** |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | **20.116.058** | **0** | **11.623.000** | **0** | **6.643.128** | **0** | **18.266.128** |
| 420 | Патни и дневни расходи | | 138.500 | 0 | 155.000 | 0 | 0 | 0 | 155.000 |
| 421 | Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | | 9.509.279 | 0 | 3.258.000 | 0 | 6.203.128 | 0 | 9.461.128 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | | 7.854.177 | 0 | 6.550.000 | 0 | 0 | 0 | 6.550.000 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | | 1.026.220 | 0 | 950.000 | 0 | 0 | 0 | 950.000 |
| 425 | Договорни услуги | | 1.351.082 | 0 | 490.000 | 0 | 440.000 | 0 | 930.000 |
| 426 | Други тековни расходи | | 236.800 | 0 | 220.000 | 0 | 0 | 0 | 220.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | | **40.500** | **0** | **50.000** | **0** | **0** | **0** | **50.000** |
| 464 | Разни трансфери | | 40.500 | 0 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **430.000** | **0** | **500.000** | **0** | **0** | **0** | **500.000** |
| 481 | Градежни објекти | | 70.000 | 0 | 180.000 | 0 | 0 | 0 | 180.000 |
| 483 | Купување на мебел, опрема, возила и машини | | 360.000 | 0 | 320.000 | 0 | 0 | 0 | 320.000 |

| Програма / Категорија / Ставка / Поткатегорија | О П И С | 2005 Завршна сметка | 2006 Предходен буџет | Б У Џ Е Т 2 0 0 7 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Буџет | Приходи од самофин. активности | Приходи од донации | Приходи од наменски дотации | Приходи од кредити | ВКУПНО Приходи |
| **N** | **ОБРАЗОВАНИЕ** | **32.854.951** | | **0** | **22.842.000** | **0** | **19.424.437** | **0** | **42.266.437** |
| | **Приходи:** | | | | | | | | |
| **N1** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | **16.676.269** | | **0** | **12.941.000** | **0** | **11.063.845** | **0** | **24.004.845** |
| **N2** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | **14.327.370** | | **0** | **9.901.000** | **0** | **6.654.748** | **0** | **16.555.748** |
| **N3** | **ПРЕВОЗ НА УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | **1.851.312** | | **0** | **0** | **0** | **1.705.844** | **0** | **1.705.844** |
| | **Расходи:** | | | | | | | | |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **30.950.952** | | **0** | **19.942.000** | **0** | **19.424.437** | **0** | **39.366.437** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 493.997 | | 0 | 598.000 | 0 | 0 | 0 | 598.000 |
| 421 | Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | 16.029.571 | | 0 | 4.444.000 | 0 | 16.700.174 | 0 | 21.144.174 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 7.414.001 | | 0 | 7.333.400 | 0 | 501.559 | 0 | 7.834.959 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 2.393.381 | | 0 | 2.507.000 | 0 | 290.000 | 0 | 2.797.000 |
| 425 | Договорни услуги | 3.708.744 | | 0 | 3.529.600 | 0 | 1.896.224 | 0 | 5.425.824 |
| 426 | Други тековни расходи | 911.258 | | 0 | 1.530.000 | 0 | 36.480 | 0 | 1.566.480 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **99.996** | | **0** | **100.000** | **0** | **0** | **0** | **100.000** |
| 464 | Разни трансфери | 99.996 | | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **1.804.003** | | **0** | **2.800.000** | **0** | **0** | **0** | **2.800.000** |
| 482 | Други градежни објекти | 300.000 | | 0 | 600.000 | 0 | 0 | 0 | 600.000 |
| 483 | Купување на мебел, опрема, возила и машини | 1.504.003 | | 0 | 2.200.000 | 0 | 0 | 0 | 2.200.000 |
| **N1** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | **16.676.269** | | **0** | **12.941.000** | **0** | **11.063.845** | **0** | **24.004.845** |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **15.788.770** | | **0** | **11.141.000** | **0** | **11.063.845** | **0** | **22.204.845** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 112.997 | | 0 | 242.000 | 0 | 0 | 0 | 242.000 |
| 421 | Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | 9.410.197 | | 0 | 1.278.000 | 0 | 10.239.426 | 0 | 11.517.426 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 4.610.581 | | 0 | 5.403.400 | 0 | 441.559 | 0 | 5.844.959 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 888.375 | | 0 | 1.308.000 | 0 | 220.000 | 0 | 1.528.000 |
| 425 | Договорни услуги | 490.132 | | 0 | 2.069.600 | 0 | 156.380 | 0 | 2.225.980 |
| 426 | Други тековни расходи | 276.488 | | 0 | 840.000 | 0 | 6.480 | 0 | 846.480 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **99.996** | | **0** | **100.000** | **0** | **0** | **0** | **100.000** |
| 464 | Разни трансфери | 99.996 | | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **787.503** | | **0** | **1.700.000** | **0** | **0** | **0** | **1.700.000** |
| 482 | Други градежни објекти | 300.000 | | 0 | 600.000 | 0 | 0 | 0 | 600.000 |
| 483 | Купување на мебел, опрема, возила и машини | 487.503 | | 0 | 1.100.000 | 0 | 0 | 0 | 1.100.000 |

| Програма Категорија Ставка Поткатегорија | О П И С | 2005 Завршна сметка | 2006 Предходен буџет | Б У Џ Е Т 2 0 0 7 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Буџет | Приходи од самофин. активности | Приходи од донации | Приходи од наменски дотации | Приходи од кредити | ВКУПНО Приходи |
| **N2** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | **14.327.370** | **0** | **9.901.000** | **0** | **6.654.748** | **0** | **16.555.748** |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | **13.310.870** | **0** | **8.801.000** | **0** | **6.654.748** | **0** | **15.455.748** |
| 420 | Патни и дневни расходи | | 381.000 | 0 | 356.000 | 0 | 0 | 0 | 356.000 |
| 421 | Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | | 6.619.374 | 0 | 3.166.000 | 0 | 6.460.748 | 0 | 9.626.748 |
| 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | | 2.803.420 | 0 | 1.930.000 | 0 | 60.000 | 0 | 1.990.000 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | | 1.505.006 | 0 | 1.199.000 | 0 | 70.000 | 0 | 1.269.000 |
| 425 | Договорни услуги | | 1.367.300 | 0 | 1.460.000 | 0 | 34.000 | 0 | 1.494.000 |
| 426 | Други тековни расходи | | 634.770 | 0 | 690.000 | 0 | 30.000 | 0 | 720.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **1.016.500** | **0** | **1.100.000** | **0** | **0** | **0** | **1.100.000** |
| 483 | Купување на мебел, опрема, возила и машини | | 1.016.500 | 0 | 1.100.000 | 0 | 0 | 0 | 1.100.000 |
| **N3** | **ПРЕВОЗ НА УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | **1.851.312** | **0** | **0** | **0** | **1.705.844** | **0** | **1.705.844** |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | **1.851.312** | **0** | **0** | **0** | **1.705.844** | **0** | **1.705.844** |
| 425 | Договорни услуги | | 1.851.312 | 0 | 0 | 0 | 1.705.844 | 0 | 1.705.844 |

| Програма Категорија Ставка Поткатегорија | О П И С | 2005 Завршна сметка | 2006 Предходен буџет | Б У Џ Е Т 2 0 0 7 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Буџет | Приходи од самофин. активности | Приходи од донации | Приходи од наменски дотации | Приходи од кредити | ВКУПНО Приходи |
| **W** | **ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА** | | **5.128.170** | **0** | **0** | **0** | **5.216.300** | **0** | **5.216.300** |
| **Приходи:** | | | | | | | | | |
| **W0** | **ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА** | | **5.128.170** | **0** | **0** | **0** | **5.216.300** | **0** | **5.216.300** |
| **Расходи:** | | | | | | | | | |
| **40** | **ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ** | | **5.128.170** | **0** | **0** | **0** | **5.216.300** | **0** | **5.216.300** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | | 3.414.870 | 0 | 0 | 0 | 3.483.300 | 0 | 3.483.300 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | | 1.703.600 | 0 | 0 | 0 | 1.724.000 | 0 | 1.724.000 |
| 403 | Останати придонеси од плати | | 9.700 | 0 | 0 | 0 | 9.000 | 0 | 9.000 |
| **W0** | **ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА** | | **5.128.170** | **0** | **0** | **0** | **5.216.300** | **0** | **5.216.300** |
| **40** | **ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ** | | **5.128.170** | **0** | **0** | **0** | **5.216.300** | **0** | **5.216.300** |
| 401 | Основни плати и надоместоци | | 3.414.870 | 0 | 0 | 0 | 3.483.300 | 0 | 3.483.300 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | | 1.703.600 | 0 | 0 | 0 | 1.724.000 | 0 | 1.724.000 |
| 403 | Останати придонеси од плати | | 9.700 | 0 | 0 | 0 | 9.000 | 0 | 9.000 |

Член 4

Овој Буџет влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип", а ќе се применува од 1 јануари 2007 година.

Број 0701-4081/1
28 декември 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

338.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП ЗА 2007 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Штип за 2007 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-4082/2
29 декември 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

339.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", број 61/04 и 96/04) и член 21 точка 4 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03, Советот на Оштината Штип на седницата одржана на 28 декември 2006 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП ЗА 2007 ГОДИНА

Член 1

Буџетот на Општината Штип за 2007 година (во понатамошниот текст: буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

Член 2

Буџетот на Општината се состои од: Основен буџет; Буџет на самофинансирачки активности; Буџет на донации и Буџет на дотации.

Член 3

Корисниците на средстата на буџетот се должни утврдните средства во буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

Член 4

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на Општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

Член 5

Градоначалникт на Општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на Општината.

Доколку во текот на годината очекуваните приходи и други приливи се реализираат на:

- пониско ниво од одобрениот план, но не повеќе од 5%, градоначалникот ги намалува одобрените средства на основниот буџет;
- повисоко ниво од одобрениот палн, но не повеќе од 5%, градоначалникот може да изврши дополнителни отплати на главнина и камати;
- односно отстапувањето на планот на приходите и другие приливи е повисоко од 5%, градоначалникот доставува измени и дополнувања на буџетот на Општината до Советот на Општината.

Член 6

Во рамките на расходите утврдени во буџетот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и подпрограми по претходно одобрување од Советот на Општината.

Во рамките на расходите утврдени во буџетот може да се врши прераспределба меѓу расходните потставки во иста ставка во една програма или подпрограма по претходно одобрение на градоначалникот.

По исклучок буџетскиот корисник не може да врши пренамени на буџетот со кој се: зголемува буџетот одобрен за плати и надоместоци и намалуваат одобрените средства за одредени капитални програми.

Член 7

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донации и/или буџетот на дотации, планираните приходи

и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои градоначалникот ги доставува до Советот на Општината на одобрување.

Член 8

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

Член 9

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно нето платите се утврдуваат за: избраните и именуваните лица нето појдовната основа за коефицинент изнесува просечно исплатената месечна нето плата по вработен во Републиката за претходната година, за вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на нето платите изнесува 40,10 денари максимум.

Член 10

Надоместокот за превоз до и од работно место, по претходното утврдување на оддалеченоста од надлежен орган (комисија) на локалната самоуправа, се исплатува само за вработените чие место на живеење е оддалечено над 2,5 км од работното место во висина на цената на јавниот превоз, но не повеќе од 900 денари.

На вработените на кои врз основа на официјално одобрение им е дозволено да користат службени возила за личен превоз до и од работното место не им следува надоместок за превоз.

На вработените кои ќе користат сопствено возило за службен пат поради немање слободно службено возило му следува надокнада до 30% од дозволениот износ од цената на бензинот по поминат километар.

Член 11

Надоместокот за храна во текот на еден месец (доколку исхраната не е организирана) изнесува 2.900 денари месечно.

Член 12

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката без трошоците за ноќевање изнесува 800 денари.

Трошоците за ноќевање се признаваат во целост освен за хотел "Де лукс" категорија.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

Член 13

За деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор или отсуство од работа по друг основ надоместокот за превоз и храна не се исплатуваат.

Член 14

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

Член 15

Користењето на средствата од буџетот на Општината за вршење на функциите на буџетските корисници се набавуваат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите неможе да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност од 100 евра каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 16

За средствата утврдени во буџетот на Општината во рамките на постојаната резерва одлучува Советот на Општината, а ги извршува градоначалникот.

За користењето на средствата од тековната буџетска резерва одлучува градоначалникот на Општината.

Член 17

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува градоначалникот на Општината.

Член 18

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на Општината. За обезбедените средства градоначалникот на Општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Агенцијата за државни службеници на актите за систематизација.

Член 19

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 20

Буџетот на Општина Штип се извршува од 1 јануари 2007 до 31 декември 2007 година.

Член 21

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип", а ќе се применува од 1 јануари 2007 година.

Број 0701-4082/1
28 декември 2006 година

Штип

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

340.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛБА "ЈУЖЕН РЕОН" ДЕЛ ОД УБ-9-ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од Населба "Јужен реон" дел од УБ-9-Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-4083/2
29 декември 2006 година

Штип

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

341.

Врз основа на член 22 и член 26 точка 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ", број 51/05) и член 21 точка 7 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 28 декември 2006 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛБА "ЈУЖЕН РЕОН" ДЕЛ ОД УБ-9-ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за дел од населба "Јужен реон" дел од УБ-9-Општина Штип според урбанистичката документација изготвена од ЈП "Штип-проект"-Штип со технички број 38/05.

Член 2

Планот од член 1 на оваа Одлука содржи:

- текстуално образложение
- графички прилози според законските одредби
- одредби за реализација на урбанистичката документација
- стручна ревизија на урбанистичката документација
- одговор на стручна ревизија
- Извештај од извршената јавна анкета, јавна презентација и стручна консултација
- Согласност број 08-974/4 од 27 октомври 2006 година од Министерството за транспорт и врски-Сектор за уредување на просторот

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-4083/1
28 декември 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

342.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-4084/2
29 декември 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

343.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03) и член 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансвери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица ("Службен гласник на Општината Штип", број 2/6), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 28 декември 2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Член 1

Од Буџетот на Општината Штип за 2006 година се доделува финансиски средства на:

1. Сојузот на борците од народно-ослободителната и антифашистичка војна на Македонија 1941-1945-Општински одбор Штип - 30.000,00 денари.
2. Друштвото на ликовни уметници на Штип за организација на 38-мата традиционална изложба по повод Денот на ослободувањето на Штип, 8-ми ноември 10.000,00 денари.
3. Радио Черење-Штип за проектот на радио емисии за афирмирање и информирање на работата на локалната самоуправа - 100.000,00 денари.
4. НВО, Еманципација и Обединување на ромите Са о Рома-Штип за новогодишни пакетчиња - 7.000,00 денари.
5. Сојузот на спортови-Штип за набавка на пехари - 20.000,00 денари.
6. Стојанов Петре за тестирање во Центарот за контрола на летањето во Мастрихт-Холандија, односно за посетување на Школата за контролори на летање во Мастрихт-Холандија - 10.000,00 денари.
7. Учениците во СМУ "Сергеј Михајлов"-Штип, отсек-соло пеење, Биљана Атанаскова-4 година, Наташа Пандазиева-4 година, Ненад Јованов-3 год. и Васко Здравков-3 година, за настап на натпреварот во Рума - 10.000,00 денари.
8. Коцева Елизабета за стихозбирката "Молитва за сонот" - 5.000,00 денари.
9. Џидров Мишко за школување на посдипломски студии на МВА на Wihan Technical University - 10.000,00 денари.
10. Академскиот сликар Ефремов Кирил за откуп на слика-пејсаж - 10.000,00 денари.
11. Јовиќ Ристо за лекување - 3.000,00 денари.
12. Јашар Јусеин за лекување - 3.000,00 денари.
13. Шенѓул Асанова за лекување - 3.000,00 денари.
14. Мехмед Фетије за лекување - 3.000,00 денари.
15. Демиров Енвер за лекување - 3.000,00 денари.
16. Демирова Севѓи за лекување - 3.000,00 денари.
17. Манев Димче за лекување - 6.000,00 денари.
18. Мемедова Рајан за лекување - 3.000,00 денари.
19. Димитриевска Кате за лекување - 3.000,00 денари.
20. Барбарејски Митко за лекување - 3.000,00 денари.
21. Османов Нехру за лекување - 6.000,00 денари.
22. Ибраимов Али за лекување - 3.000,00 денари.

23. Мемедали Нухран за лекување - 3.000,00 денари.
24. Мехмедова Атиже за лекување - 6.000,00 денари.
25. Идризова Магбуле за лекување - 3.000,00 денари.
26. Адемов Рамадан за лекување - 6.000,00 денари.
27. Јусинов Ерол за лекување - 6.000,00 денари.
28. Вукановски Боби - 6.000,00 денари.
29. Рамаданова Нарлија за лекување - 3.000,00 денари.
30. Давитков Борче за лекување - 3.000,00 денари.
31. Димитрова Ленче за лекување - 6.000,00 денари.
32. Јашаров Демир за лекување - 3.000,00 денари.
33. Поповска Билјана за лекување - 6.000,00 денари.
34. Пачемски Виктор за лекување - 6.000,00 денари.
35. Огнанова Мирјана за лекување - 3.000,00 денари.
36. Караколева Стојанка за лекување - 6.000,00 денари.
37. Спасевска Сузана за лекување - 6.000,00 денари.
38. Ивановиќ Слаџан за школување - 5.000,00 денари.
39. Богатинови Драган и Блашка за опожарена семејна куќа - 10.000,00 денари.
40. Советот на МЗ "Стар Караорман" за Димитар Јованов за санирање на срушен дел од куќата - 5.000,00 денари.
41. Парлапанов Наил - 3.000,00 денари.
42. Митевски Марјанчо финансиска помош - 5.000,00 денари.
43. Трајчевски Мики финансиска помош - 5.000,00 денари.

Член 2

Од Буџетот на Општината Штип за 2007 година се доделуваат финансиски средства на:

- Центарот за поддршка на НВО за плаќање наемнината за првите шест месеци од годината во износ од 90.000,00 денари.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-4084/1
28 декември 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

344.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП
ЗА 2007 ГОДИНА

I

Се објавува Програмата за работа на Советот на Општината Штип за 2007 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-4085/2 — Градоначалник
29 декември 2006 година — на Општината Штип,
Ш т и п — Панде Сарев, с. р.

345.

Врз основа на член 21 точка 3 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 28 декември 2006 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП
ЗА 2007 ГОДИНА

## I. ИЗВЕШТАЕН ДЕЛ

1. Извештај за извршување на буџетот на Општината Штип за 2006 година.

НОСИТЕЛ: Градоначалник
РОК: март

2. Квартални извештаи за извршување на буџетот на Општината Штип за 2007 година.

НОСИТЕЛ: Градоначалник
РОК: април, јули, октомври, јануари

3. Извештај за работењето на ЈП "Исар"-Штип во 2006 година.

НОСИТЕЛ: ЈП "Исар"-Штип
РОК: февруари

4. Извештаи (три месечни) за работењето на ЈП "Исар" со финансиски показатели.

НОСИТЕЛ: ЈП "Исар"-Штип
РОК: април, јули, октомври, јануари

5. Извештај за работењето на ЈП "Штип-проект"-Штип во 2006 година.

НОСИТЕЛ: ЈП "Штип-проект"-Штип
РОК: февруари

6. Извештаи (три месечни) за работењето на ЈП "Штип-проект"-Штип со финансиски показатели.

НОСИТЕЛ: ЈП "Штип-проект"-Штип
РОК: април, јули, октомври, јануари

7. Извештај за работењето на ЈП "Фортуна" - Штип во 2006 година.

НОСИТЕЛ: ЈП "Фортуна"- Штип
РОК: февруари

8. Извештај за јавната безбедност на подрачјето на Општината Штип.

НОСИТЕЛ: МВР
РОК: февруари

9. Годишен извештај за работа на ОУ "Димитар Влахов"-Штип за учебната 2006/2007 година.

НОСИТЕЛ: ОУ "Димитар Влахов"- Штип
РОК: септември

10. Годишен извештај за работа на ОУ "Тошо Арсов"-Штип за учебната 2006/2007 година.

НОСИТЕЛ: ОУ "Тошо Арсов"- Штип
РОК: септември

11. Годишен извештај за работа на ОУ "Ванчо Прке"-Штип за учебната 2006/2007 година.

НОСИТЕЛ: ОУ "Ванчо Прке"- Штип
РОК: септември

12. Годишен извештај за работа на ОУ "Гоце Делчев"-Штип за учебната 2006/2007 година.

НОСИТЕЛ: ОУ "Гоце Делчев"- Штип
РОК: септември

13. Годишен извештај за работа на ДСУ Гимназија "Славчо Стојменски"-Штип за учебната 2006/2007 година.

НОСИТЕЛ: ДСУ Гимназија
"Славчо Стојменски "- Штип
РОК: септември

14. Годишен извештај за работа на ДСТУ "Димитар Мирасчиев"-Штип за учебната 2006/2007 година.

НОСИТЕЛ: ДСТУ "Димитар Мирасчиев"
РОК: септември

15. Годишен извештај за работа на ДЕМУ "Коле Нехтенин"-Штип за учебната 2006/2007 година.

НОСИТЕЛ: ДЕМУ "Коле Нехтенин"
РОК: септември

16. Годишен извештај за работа на ДСМУ "Јане Сандански"-Штип за учебната 2006/2007 година.

НОСИТЕЛ: ДСМУ "Јане Сандански"
РОК: август-септември

17. Годишен извештај за работа на Ученички центар за музичко образование-Штип (за основно музичко образование) за учебната 2006/2007 година.

НОСИТЕЛ: Ученички центар за музичко образование
РОК: септември

18. Годишен извештај за работа на Општинската јавна установа за деца-Детска градинка "Астибо"-Штип за 2006/2007 година.

НОСИТЕЛ: Детска градинка "Астибо"
РОК: септември

19. Годишен извештај за работа на Јавната установа за деца-Општинска детска градинка "Вера Циривири-Трена"-Штип за учебната 2006/2007 година.

НОСИТЕЛ: ЈУ "Вера Циривири-Трена"
РОК: септември

20. Извештај за работењето на Радио Штип во 2006 година.

НОСИТЕЛ: Радио Штип
РОК: февруари

21. Извештај за работењето на Домот на младите-Штип.

НОСИТЕЛ: Дом на млади
РОК: февруари

22. Извештај за извршување на одлуките на Советот на Општината Штип.

НОСИТЕЛ: Градоначалник
РОК: јуни, септември, декември

## II. ПРОГРАМСКИ ДЕЛ

1. Програма за работа на Советот на Општината Штип за 2008 година.

НОСИТЕЛ: Сектор за правни,
финансиски и општи работи
РОК: декември

2. Програма за уредување на градежно земјиште за 2008 година.

НОСИТЕЛ: ЈП "Штип-проект"-Штип
РОК: октомври

3. Програма за одржување на сообраќајната сигнализација за 2008 година.

НОСИТЕЛ: ЈП "Штип-проект"-Штип
РОК: октомври

4. Програма за изградба и одржување на локални патишта и улици за 2008 година.

НОСИТЕЛ: ЈП "Штип-проект"-Штип
РОК: октомври

5. Програма за јавно осветлување за 2008 година.

НОСИТЕЛ: Градоначалник
РОК: октомври

6. Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални водоводи и канализации за 2008 година.

НОСИТЕЛ: ЈП " Исар"-Штип
РОК: октомври

7. Програма за одржување на јавна чистота за 2008 година.

НОСИТЕЛ: ЈП "Исар"-Штип
РОК: октомври

8. Програма за одржување и користење на парковите и други јавни површини од локално значење за 2008 година.

НОСИТЕЛ: ЈП "Исар"-Штип
РОК: октомври

9. Програма за одржување на гробиштата за 2008 година.

НОСИТЕЛ: ЈП "Исар"-Штип
РОК: октомври

10. Програма за одржување на коритото на р. Отиња за 2008 година.

НОСИТЕЛ: ЈП "Исар"-Штип
РОК: октомври

11. Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општината Штип за 2008 година.

НОСИТЕЛ: ЈП "Штип- Проект"-Штип
РОК: октомври

12. Програма за одржување на локалните патишта во Општината Штип за 2007/2008 година во зимски услови.

НОСИТЕЛ: ЈП "Штип- Проект"-Штип
РОК: октомври

13. Програма за работа на Радио Штип за 2008 година.

НОСИТЕЛ: Радио Штип
РОК: октомври

14. Програма за работа на Домот на младите-Штип.

НОСИТЕЛ: Дом на млади
РОК: октомври

15. Годишна програма за работа на ОУ "Димитар Влахов"-Штип за учебната 2007/2008 година.

НОСИТЕЛ: ОУ "Димитар Влахов"
РОК: септември

16. Годишна програма за работа на ОУ "Тошо Арсов"-Штип за учебната 2007/2008 година.

НОСИТЕЛ: ОУ "Тошо Арсов"
РОК: септември

17. Годишна програма за работа на ОУ "Ванчо Прке"-Штип за учебната 2007/2008 година.

НОСИТЕЛ: ОУ "Ванчо Прке"
РОК: септември

18. Годишна програма за работа на ОУ "Гоце Делчев"-Штип за учебната 2007/2008 година.

НОСИТЕЛ: ОУ "Гоце Делчев"-Штип
РОК: септември

19. Годишна програма за работа на ДСУ Гимназија "Славчо Стојменски"-Штип за учебната 2007/2008 година.

НОСИТЕЛ: ДСУ Гимназија "Славчо Стојменски"
РОК: септември

20. Годишна програма за работа на ДСТУ "Димитар Мирасчиев"-Штип за учебната 2007/2008 година.

НОСИТЕЛ: ДСТУ "Димитар Мирасчиев"
РОК: септември

21. Годишна програма за работа на ДЕМУ "Коле Нехтенин"-Штип за учебната 2007/2008 година.

НОСИТЕЛ: ДЕМУ "Коле Нехтенин"
РОК: септември

22. Годишна програма за работа на ДСМУ "Јане Сандански"-Штип за учебната 2007/2008 година.

НОСИТЕЛ: ДСМУ "Јане Сандански"
РОК: септември

23. Годишна програма за работа на Ученички центар за музичко образование-Штип (за основно музичко образование) за учебната 2007/2008 година.

НОСИТЕЛ: Ученички центар за музичко образование
РОК: септември

24. Годишна програма за работа Општинската јавна установа за деца-Детска градинка "Астибо"-Штип за 2007/2008 година.

НОСИТЕЛ: Детска градинка "Астибо"
РОК: септември

25. Годишна програма за работа Јавната установа за деца-Општинска детска градинка "Вера Циривири-Трена"-Штип за учебната 2007/2008 година.

НОСИТЕЛ: ЈУ "Вера Циривири-Трена"
РОК: септември

## III. ТЕМАТСКИ ДЕЛ

1. Информација за состојбата и користење на средствата од месниот самопридонес.

НОСИТЕЛ: Комисија за контрола на наплатата и употребата на средствата од самопридонесот
РОК: јуни, декември

2. Информација за состојбата на локалната патна мрежа во Општината.

НОСИТЕЛ: ЈП "Штип-проект"-Штип
РОК: јуни, октомври

3. Информација за зимско одржување на улиците.

НОСИТЕЛ: ЈП "Штип-проект"-Штип
РОК: март

4. Информација за работа на Радио Штип.

НОСИТЕЛ: Радио Штип.
РОК: јуни

5. Информација за реализација на Програмата за јавното осветлување за 2007 година.

НОСИТЕЛ: Градоначалник
РОК: јуни, октомври

6. Информација за работењето на комуналнатата и сообраќајната инспекција.

НОСИТЕЛ: Комунална и сообраќајна инспекција
РОК: јуни, септември

7. Информација за извршување на надлежностите на градоначалникот во согласност со Статутот на Општината Штип.

НОСИТЕЛ: Градоначалник
РОК: јуни, декември

8. Информација за реализираните проекти во Општината добиени од меѓународни организации.

НОСИТЕЛ: Градоначалник
РОК: ноември

9. Информација за состојбата со бесправната градба во Општината Штип.

НОСИТЕЛ: Одделение за урбанизам и заштита на животната средина
РОК: март

10. Информација за начинот и условите на слободен пристап до информации за услугите на граѓаните што ги обезбедува Општината.

НОСИТЕЛ: ЕЛС
РОК: декември

## IV. НОРМАТИВЕН ДЕЛ

1. Завршна сметка за извршување на буџетот на Општината Штип за 2006 година.

НОСИТЕЛ: Градоначалник
РОК: март

2. Завршна сметка на ЈП "Исар"-Штип за 2006 година.

НОСИТЕЛ: ЈП "Исар"-Штип
РОК: март

3. Завршна сметка на ЈП "Штип - Проект" - Штип за 2006 година.

НОСИТЕЛ: ЈП "Штип-проект"-Штип
РОК: март

4. Завршна сметка на Радио Штип за 2006 година.

НОСИТЕЛ: Радио Штип
РОК: март

5. Завршна сметка на ОУ "Димитар Влахов"-Штип за 2006 година.

НОСИТЕЛ: ОУ "Димитар Влахов"-Штип
РОК: март

6. Завршна сметка на ОУ "Тошо Арсов"-Штип за 2006 година.

НОСИТЕЛ: ОУ "Тошо Арсов"-Штип
РОК: март

7. Завршна сметка на ОУ "Ванчо Прке"-Штип за 2006 година.

НОСИТЕЛ: ОУ "Ванчо Прке"-Штип
РОК: март

8. Завршна сметка на ОУ "Гоце Делчев"-Штип за 2006 година.

НОСИТЕЛ: ОУ "Гоце Делчев"-Штип
РОК: март

9. Завршна сметка на Ученички центар за музичко образование-Штип (за основно образование) за 2006 година.

НОСИТЕЛ: Ученички центар за музичко образование-Штип
РОК: март

10. Завршна сметка на ДСУ Гимназија "Славчо Стојменски"-Штип за 2006 година.

НОСИТЕЛ: ДСУ Гимназија "Славчо Стојменски"-Штип
РОК: март

11. Завршна сметка на ДСТУ "Димитар Мирасчиев"-Штип за 2006 година.

НОСИТЕЛ: ДСТУ "Димитар Мирасчиев"
РОК: март

12. Завршна сметка на ДЕМУ "Коле Нехтенин"-Штип за 2006 година.

НОСИТЕЛ: ДЕМУ "Коле Нехтенин"
РОК: март

13. Завршна сметка на ДСМУ "Јане Сандански"-Штип за 2006 година.

НОСИТЕЛ: ДСМУ "Јане Сандански"
РОК: март

14. Завршна сметка на Општинската јавна установа за деца-Детска градинка "Астибо"-Штип за 2006 година.

НОСИТЕЛ: Детска градинка "Астибо"
РОК: март

15. Завршна сметка на Јавната установа за деца-Општинска детска градинка "Вера Цириви-Трена"-Штип за 2006 година.

НОСИТЕЛ: ЈУ "Вера Циривири-Трена"
РОК: март

16. Буџет на Општината Штип за 2008 година.

НОСИТЕЛ: Градоначалник
РОК: декември

17. Предлог-Одлука за измена на деталниот урбанистички план на град Штип.

НОСИТЕЛ: ЈП "Штип-проект"-Штип
РОК: по потреба

18. Изготвување и измени на нормативните акти на Советот на Општината Штип.

НОСИТЕЛ: Стручната служба
РОК: Континуирано преку целата година

## V. ИНФОРМАТИВЕН ДЕЛ

11. Информација за социјалната состојба во Општината Штип.

НОСИТЕЛ: Министерството за труд и социјална политика со центарот за социјални работи
РОК: февруари

12. Информација за состојбите во областа на вработувањето.

НОСИТЕЛ: Центар за вработување-Штип
РОК: февруари

13. Информација за остварување на буџетот на Општината Штип за периодот 01.01 до 30.06.2006 година.

НОСИТЕЛ: Градоначалник
РОК: јули

14. Информација за инфективните заболувања во Општината Штип.

НОСИТЕЛ: Медицински центар-Штип
РОК: февруари

**VI. Перманентна работа на Советот се сите задачи што ќе произлезат во тековното работење на Советот**.

Број 0701-4085/1
28 декември 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

346.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА
И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2007 ГОДИНА

I

Се објавува Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици во Општина Штип за 2007 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-4086/2
29 декември 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

347.

Врз основа на член 106 од Законот за јавни патишта ("Службен весник на РМ", број 26/96) и член 21 став 12 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата оджана на 28 декември 2006 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
# ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2007 ГОДИНА

**Вовед**:

При изготвувањето на оваа Програма се тргна од најургентните и реалните можности за изградба и одржување на локалната патна мрежа во Општина Штип.

При состојба на недостаток на конкретни финансиски податоци (освен средствата од Фондот за магистрални и регионални патишта кои се очекуваат да бидат на минатогодишното ниво) кај што учеството на алтернативните извори е неизвесно Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици во Општината Штип е проектирана на 11.735.000,00 денари со можност за нејзино проширување.

## 1. Извори на средства за финансирање на активностите за изградба и одржување локални патишта и улици

Планираните извори за финансиски средства за финансирање на активностите за изградба и одржување на локалните патишта се:

1. Средства од Фондот за магистрални и регионални патишта 11.735.000,00 денари.

Средствата од Фондот за магистрални и регионални патишта ќе бидат распределени на следниот начин:

- 30% за редовно одржување на локалните патишта и улици ........................................................................ 3.520.500.00 денари
- 20% за зимско одржување на локалните патишта и улици ........................................................................ 2.347.000,00 денари
- 50% за изградба и реконструкција на улици .............. 5.867.500,00 денари

## 2. Активности

### 2.1. Редовно одржување на локалните патишта и улици

1. Крпење на ударни дупки со топла асфалтна маса ...........770.000,00 денари
2. Крпење на ударни дупки со камена коцка ........... 430.000,00 денари
3. Крпење на ударни дупки со бетон ................................ 150.000,00 денари
4. Обележување на хоризонтална сигнализација со бела и жолта боја и одржување на вертикалната сигнализација со набавка на сигнализација за еднонасочен сообракај во центар.........................870.000.00 денари
5. Одржување на семафорска сигнализација ................... 170.000.00 денари
6. Одржување и чистење на атмосферската канализација (замена на улични сливници,тиролски решетки и поправка на ревизиони шахти) ....................................... 200.000,00 денари
7. Чистење на одронии наноси и поставување на заштитна мрежа ........................................................... 100.000.00 денари
8. Одржување и поставување на метални огради ............... 70.500.00 денари
9. Одржување и поправка на банкини, канафки, потпорни и обложни ѕидови и заштита на косини 680.000.00 денари
10. Одржување на прегледност на патиштата особено на местата за вкрстување---------------------------- 80.000,00 денари

**Вкупно**: **3.520.500,00 денари**

### 2.2. Зимско одржување на локалните патишата и улици

1. Крпење на ударни дупки со ладна асфалтна маса 100.000,00 денари
2. Набавка на абразивни средства (сол и сепариран песок) 400.000.00 денари
3. Трошоци за механизација и работна рака на зимска служба ........................................................ 1.847.000.00 денари

**Вкупно**: **2.347.000,00 денари**

### 2.3. Изградба и реконструкција на улици

#### 2.3.1. Изработка на инвестиционо техничка документација

- Главен проект за вклопување на нов мост кај "Стопанска банка"со постоечки улици и тротоари со вертикална и хоризонтална сигнализација.
- Изработка на главен проект за сообракајна врска на ул. "Тодор Коларов " со ул. "Ленинова" (кај медицинско школо") л=500 м1.
- Проекти за санација на улично светло на двата моста на р. Брегалница
- Изработка на Измена на сообраќајна студија како дел од ГУП за Штип.

**Вкупно**: **400.000,00 денари**

**2.3.2. Вршење надзор на објекти во изградба**

**Вкупно**: **100.000,00 денари**

**2.3.3. Изградба и реконструкција на сообраќајници**

- Реконструкција со сообраќајно уредување на нова крстосница улица "Маршал Тито" и "Јосиф Ковачев" кај Стопанска банка со нов мост на р. Отиња ..................................................................... 1.166.500,00 денари
- Изградба на тротоар во"Клисура" во Ново Село"(прва фаза) .............. ..........................................................................................700.000, 00 денари
- Реконструкција на ул."Вардарска"(прва фаза) ...........500.000,00 денари
- Продолжување со изградба на локален пат с. Шашаварлија ................... ................................................... 1.000.000,00 денари
- Изградба на тротоари во населба "Сењак" ул. "Борис Крајгер" ................................................ 500.000.00 денари
- Реконструкција на ул "Плачковички одреди" л=500 м1........................... ..........................................................................................901.000,00 денари
- Реконструкција на улица "Крсте Мисирков" л=320.м1600.000,00 денари
- Реконструкција на дел од ул. "АВНОЈ" према месноста "Суитлак" ......
- Реконструкција на патот пред тениските игралишта, према месноста "Суитлак" .......................................................................

**Вкупно: 5.367.500,00 денари**

**Вкупно 2.3.1, 2.3.2, 2.3.3, = 5.867.500.00 денари**

Врз основа на напред истакнатото и во зависност од приливот на средствата од Фондот за магистрални и регионални патишта и Бирото за стопански недоволно развиени подрачја, можни се измени и дополнувања на активностите во оваа Програма.

**Преодни и завршни одредби**

За спроведување на оваа Програма се грижи Одделението за комунални дејности, а реализацијата ја врши ЈП "Штип-проект"-Штип, како задолжен за одржување на сообраќајниците во Општината Штип.

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип", а ќе се применува до донесувањето на Програмата за 2008 година.

Број 0701-4086/1
28 декември 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

348.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
# ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА
# ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2006/2007 ГОДИНА
# ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ

I

Се објавува Програмата за одржување на локалните патишта во Општина Штип за 2006/2007 година во зимски услови.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-4087/2
29 декември 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

349.

# П Р О Г Р А М А
# ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА
# ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2006/2007 ГОДИНА
# ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ

## 1. Општ дел

Врз основа на член 56 од Законот за јавни патишта ("Службен весник на РМ", број 26/96) и точка 3.2 член 46 од Одлуката за комунален ред на Општината Штип број 08-388/1 од 10.06.1999 година со оваа Програма се предвидува обемот, динамиката и начинот на одржувањето на улиците во град Штип како и локалните патишта во Општината Штип, опфатени со Генералниот урбанистички план во зимски услови во сезоната 2006/2007 година.

Поради ефектното дејствување по Програмата треба да бидат земени во предвид следните моменти и тоа:

1. Степен на подготвеност (приправност);
2. Приоритет на дејствување;
3. Увид и информираност
4. Употреба на механизација;
5. Употреба на работна рака;
6. Финансирање на програмата

## I. Степен на подготвеност

Критериумот на степенот на подготвеност е настанатата временска ситуација која секојдневно се прати преку средствата за информирање.

Приправноста започнува на 5 ноември секоја календарска година, завршува на 15 март наредната година.

Степенот на приправност ќе го оценува Советот на Општината и Советот за безбедност на сообраќајот.

Според настанатата ситуација во тој период имаме три степени на приправност и тоа:

Прв степен

Календарски е веќе започната зимата, меѓутоа ситуацијата во секојдневниот сообраќај и комуникациите е нормална.

Во пунктот се е во исправна состојба, количеството на сол и ситен песок е доволна, а расположивата механизација е исправна.

Потребната количина на сол е од 75 тона, а на ситен песок околу 150 $м^3$, кои количества се доволни за потребите на градската улична мрежа и локални патишта во просечни зимски услови.

Втор степен

Настанува кога осетно се намалува температурата и се очекуваат врнежи од снег.

Се превземаат превентивни мерки за посипување на улиците од прв приоритет со сол.

Овој степен на приправност трае и со почнувањето на врнежи од снег но истите се совладуваат со расположивата механизација опфатена со планот за дејствување.

Трет степен

Настапува кога снежните врнежи и други појави не можат да се совладаат со расположивата механизација и луѓе опфатени со планот за дејствување.

Веќе се активира штабот на цивилна заштита и координирано се настапува во ублажувањето на временските прилики.

**II. Приоритет на дејствување**

Заради важноста на комуналните објекти и тоа што тие поврзуваат, се наметнува и приоритетноста во дејствувањето во зимски услови. Ако пак посматрано од економски причини не е прифатливо и потполно целосно одржување на градската улична мрежа и некои делови на локалната патна мрежа, затоа уличната мрежа и локалните патишта ќе ги рангираме заради приоритетната благовремена интервенција и за ублажување на зимските прилики.

А/ Прв приоритет

Кога веќе зимските услови најавуваат загрозување на зимскиот сообраќај во зимскиот период се пристапува кон следното:

Превентивно посипување со сол за да се спречи појавата на голомразица, а во колку таа настане се продолжува со редовното посипување со сол и песок се до нејзиното отклонување.

При интензивни врнежи од снег неминовно е негово отстранување од коловозот, со пренесување до најблиското корито на река Отиња или Брегалница.

Чистењето на коловозот се врши со широчина од 2,5 м. на една коловозна лента така да очистениот во двата правца изнесува 5,0 м.

Коловозот треба да е прооден за сообраќај до 5 часот наутро на улиците кои со Оперативниот план се ставени во прв приоритет, сообраќајот да се одвива со намалена брзина, согласно Законот за безбедност на сообраќајот и Законот за патишта.

